Општина Прилеп
Локална самоуправа
Municipality of Prilep
Local government

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016,163/2016, 64/2018 и 168/2018), Градоначалникот на Општина Прилеп го донесува следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се известуваат граѓаните и правните лица на територијата на Општина Прилеп, дека се распишува:

## Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови

Јавниот повик се распишува согласно на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016, 163/2016, 64/2018 и 168/18):

- **Во период од 31 ден,** сите заинтересирани физички и правни лица може да достават иницијативи за изработка на Урбанистички планови од членот 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.
- **Предмет на иницијативите** може да биде донесување на нов Урбанистички план или изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план од член 7 став (1) точка 2 алини 2, 3 и 4 (детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план за вон населено место), со конкретен предлог од подносителот на иницијативата.
- **Јавниот повик ќе трае од 24.04.2020 до 24.05.2020 год. – 31 дена**, сметано од објавата во дневното гласило .
- **Јавниот повик ќе биде објавен** на интернет страната на Општина Прилеп, www. prilep.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам , преку објава во службеното гласило на општината и во дневен весник кој се издава на македонски јазик, а излегува најмалку три месеци пред денот на објавување на повикот.
- **Заинтересираните правни и физички лица** иницијативите да ги достават во писмена форма преку архивата на Секторот за урбанизам и заштита на животната средина при Општина Прилеп или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во определениот рок
- **За секоја поднесена иницијатива** подносителите ќе бидат информирани за прифаќање односно неприфаќање на истата, во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во рок од 15 работни дена од истекот на рокот за поднесување на иницијативи.
- **Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2020год.
- **Средствата** за прифатените иницијативи за изготвување на потребната документација треба да ги обезбедат подносителите на иницијативите – правни или физички лица.

Број 03-1080/1

23.04 2020год.,
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
На Општина Прилеп
Илија Јованоски

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп

ОБ-НВМ-02